**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Бр.07- 7852/5
Од 07.05.2014г. Скопје

Врз основа на член 45 став1 од Законот за безбедност и здравје при работа (Сл.весник на РМ бр.92/07), Министерот за труд и социјална политика донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

На ДЕК Деконс-Ема Доо Скопје со адреса на седиште ул. Митриполит Теодосиј Гологанов бр.44-1/4 Скопје со ЕМБС 6247717, со адреса на деловна просторија каде се врши дејноста ул. Митриполит Теодосиј Гологанов бр.44-1/4 Скопје и на ул. Борис Трајковски бр. 111 Скопје, **му се дозволува** да врши стручни работи за :

**- Проценка на ризик**
**- Концепт на изјава за безбедност**
**- Изработка и спроведување на програми за обука на вработени за безбедно извршување на работата**

**О б р а з л о ж е н и е**

ДЕК Деконс-Ема Доо Скопје со пријава бр. 07-7852/1од 15.11.2011 година. се пријави до Министерот надлежен за работите од областа на трудот за добивање на дозвола-овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа и во прилог на пријавата достави соодветна документација и адреса на деловната просторија каде се врши дејноста на ул . Митриполит Теодосиј Гологанов бр.44-1/4 Скопје и на ул. 20ти Октомври бр. 4 Скопје( променета е со Ул. Борис Трајковски бр. 111) и приложи докази согласно Правилникот за условите за вработените , организација , техничките и други услови кои треба да ги исполни правното лице или физичко лице за вршење на стручни работи („ Сл. весник на РМ„ бр. 37/08). По поднесено барање, за промена на седиште и еден деловен простор на правен субјект, со бр. 02- 2669/1 од 04.04.2014год е извршен дополнителен увид од страна на комисијата на ден 06.05.2014год.

Од извршениот увид во доставената документација , работните простории, и техничка опрема за работа, Комисијата за утврдување на условите кај правното или физичко лице за издавање на овластување за вршење на стручни работи : Проценка на ризик , концепт на изјава за безбедност, изработка и спроведување на програми за обука на вработени за безбедно извршување на работата, утврди дека правното лице ДЕК Деконс-Ема Доо Скопје ги исполнува неопходните услови за добивање дозвола – овластување за кои е поднесена пријавата согласно Правилникот за условите за вработените , организацијата , техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичко лице за вршење на стручни работи за безбедност при работа („Сл.весник на РМ „бр.37/08).

Од гореспоменатите причини, Министерот за труд и социјална политика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против решението, странката може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Изготвил : м-р Горан Поповски
Контролирал: Слаѓана Андоновска
Одобрил : Насер Бајрами

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР,**
Ибрахим Ибрахими